**05 мај, 2020 година**

Рурална Коалиција – Куманово во рамките на проектот "Преку регулирана транспарентност и отчетност до партиципативна и одржлива Рурална Коалиција", а за потребите на спроведување на процесот на стратешко планирање на организацијата објавува Оглас за избор на надворешен соработник – експерт за изработка на кодекс на добро управување за потребите на организацијата.

Експертот ќе има за задача врз основа на добиените податоци и информации од организацијата, да организира и реализира еднодневна работилница за изработка на кодекс за добро управување на Коалицијата, каде што претставници на здруженијата/членки на Коалицијата директно ќе учествуваат во самото изготвување на документот кој што потоа самите ќе треба најмногу и да го користат.

По завршувањето на работилницата експертот ќе треба да го конципира кодексот на добро управување и да го достави до проектниот тим на организацијата во вид на документ.

Вкупно за овој ангажман предвидени се **5 работни денови,**, а експертот ги распоредува согласно неговите потреби. Ангажманот е предвидено да се реализира во периодот мај-јуни 2020 година.

Крајниот резултат кој што треба да се достигне во рамките на оваа активност во проектот севкупно е:

**Резултат 1:** Јасни, функционално воспоставени организациски структури за унапредување на транспарентноста преку воведување на практики и кодекси на добро управување на Коалицијата

**Квалификации на експертот**:
- Универзитетско образование;
- Одлично развиени комуникациски, интерперсонални и фасилитаторски вештини;
- Минимум 3 години искуство во подготовка на документи/анализи, како и модерирање/фасилитирање на работилници и процеси;
- Работењето и познавањето на процесот на делување на граѓанските организации ќе се смета за предност

Кандидатите кои што се заинтересирани за повикот треба да достават професионална биографија (CV) и финансиска понуда најдоцна до **13 мај 2020 година во електронска форма** на следнава e-mail адреса: rkoalicija@gmail.com

Проектот е ре-грантиран во рамките на програмата "Одржливо граѓанско општество: државно финансирање на граѓански организации" која што ја спроведува Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), со Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) и Центар за информирање, соработка и развој на граѓанските организации од Словенија (ЦНВОС), во периодот од 2018 до 2021 година, а финансирана од Европската Унија (ЕУ).

Проектот е финансиран од Европската Унија

Програмата „Одржливо граѓанско општество: државно финансирање на граѓански организации" ја спроведува Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) и Центарот за информирање, соработка и развој на граѓанските организации од Словенија (ЦНВОС)"